ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 2
Бр. 02-1649/3
27-02-2024

# М И С Л Е Њ Е

## НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР КОН ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ТТК БАНКА АД СКОПЈЕ ВО 2023 ГОДИНА

Годишниот извештај за работењето на ТТК Банка АД Скопје за 2023 година го опфаќа работењето на Банката во периодот од 1.1.2023 до 31.12.2023 година.

Во Извештајот на систематизиран начин се прикажани остварувањата на одделни банкарски активности, како во поглед на основните финансиски и нефинансиски активности така и за сите активности за коишто се известува во согласност со Законот за трговските друштва, Законот за банките, Одлуката за основните начела и принципи на корпоративното управување во банка и со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза АД Скопје.

Годишниот извештај вклучува податоци за макроекономскиот амбиент и движења во реалниот сектор во Република Северна Македонија во кои Банката ја остваруваше својата активност, од една страна, и преземените активности прикажани по сегменти, кредитите и депозитите во банкарскиот сектор и расположливите капацитети на Банката за остварување на планираните цели од друга страна.

Во Извештајот интегрално се прикажани остварувањата на Банката, финансиските перформанси, информациите за преземените активности од делот на корпоративното банкарство, деловната мрежа, развојот на информатичката технологија, преземените маркетиншки активности и развојот на производи. Прикажан е и системот на управувањето со ризици, активностите на внатрешната ревизија и останатите деловни активности на Банката коишто придонесуваат за стабилно работење и за кои се известува во согласност со законската регулатива. Во извештајот интегрално се претставени корпоративното управување на Банката, работењето и активностите на органите и нивните членови, остварувањето во однос на спречувањето перење на пари, сигурноста на информативниот систем, заштитата на лични податоци, заштитата на животната средина, општествените прашања и управувањето.

Според наше мислење, Годишниот извештај дава вистинска и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2023 година, за состојбата на нејзините средства и за финансиската успешност.

Скопје, 27.2.2024 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател**
**Бобан Гоговски**

ТТК БАНКА АД 2 СКОПЈЕ